РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1234/1
17-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2716/1 од 18.10.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на финансиски средства и нетранспарентно известување од страна на /// – ///, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган – Управата за финансиска полиција.

Предметот со број 12-2716/1 од 18.10.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 18.10.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на финансиски средства и нетранспарентно известување од страна на /// – /// и оформен е предмет број 12-2716/1 од 18.10.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомневање за злоупотреба на финансиски средства преку исплати од /// – ///, единица на /// - /// кон Агенцијата за интелектуална сопственост ///, преку исплати кон вработени и други работно ангажирани лица и преку исплати во поголем поединечен износ кон други правни лица во 2024 година.
Според наведеното во пријавата, извештаите за работата на директорот на /// – /// не се целосно транспарентни и во нив не се содржани повеќе категории на податоци за кои подносителот на пријавата смета дека се значајни, меѓу кои и податоци за исплатени средства заради стимулирање на научно –

истражувачкиот кадар и за зголемен обем на работа, податоци за лицата кон кои овие средства биле исплатени и податоци за потрошени средства по повеќе основи и за други намени.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Управата за финансиска полиција.

Од увидот во податоците и информациите доставени од Управата за финансиска полиција на барање на ДКСК, утврдено е следното:
Во врска со наводите содржани во пријавата по која е оформен предметот Управата за финансиска полиција има оформено предмет. Според членот 289 од Законот за кривична постапка, сите дејствија преземени во предистражната постапка се сметаат за тајна.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган – Управата за финансиска полиција, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата